Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Теарце - Komuna e Tearcës
Бр.-Nr. 08-876/2
28.08 2020 год./viti
Теарце - Tearcë

e funcit

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

О П Ш Т И Н А Т Е А Р Ц Е

Арх. знак-Shenja ark: 0803 3
Рок на чување-Afati i ruajtjes:
28-01-2021 200 год. viti
Потпис Nënshkrimi

П Р А В И Л Н И К И К
за систематизација на работните места во Општина Теарце

2020 година
Теарце

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), градоначалникот на Општина Теарце на ден 28.07.2020 година ,донесе:

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места во Општина Теарце

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници и помошно - технички лица) во Општина Теарце, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во Општина Теарце се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Општина Теарце.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Општина Теарце е составен дел на овој правилник .

II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 48 работни места односно 50 извршители од кои 45 работни места/извршители на административните службеници и 3 работни места со 5 извршители на помошно-технички лица, распоредени по организациони единици согласно Одлуката за внатрешна организација на Општина Теарце.Вкупно пополнети се 29 работни места/извршители од кои 27 извршители на административните службеници и 2 извршители на помошно-техничките лица .Работните места на административните службеници се распоредени на следниот начин:

Ниво	Систематизирани работни места/извршители	Пополнети работни места/ извршители
А05	1	-
Б04	10	5
В01	8	7
В02	3	2
В03	5	3
В04	11	7
Г01	5	2
Г03	2	1
Вкупно:	45	27

Член 6

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор за адмнистративните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 7

Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за раководен административен службеник од категоријата А, за нивото А5 - Секретар со седиште во село се:

а) стручни квалификации - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII /1 степен;

б) работно искуство, и тоа:

- најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно
  место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои
  најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

в) посебни работни компетенции :
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- положен испит за административно управување;
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)

г) општи работни компетенции согласно со Рамката на општи работни компетенции

д) Потребни општи работни компетенции на напредно ниво и тоа:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување,

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службениц посебен закон или колективен договор, за раководните административни службени категоријата Б се:

- а) Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А с Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати с ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- б) работно искуство, и тоа:
  - за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во струката (најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно на шест години работно искуство во струката од кои најмалку две годи раководно работно место во приватен сектор;
- в) Посебни работни компетенции:
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Положен испит за административно управување,
- Активно познавање на на еден од трите најчесто користени јазици на Евро Унија "(англиски, француски, германски)".

г) општи работни компетенции согласно со Рамката на општи работни компет

д) Потребни општи работни комепетенции на напредно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- а) стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- б) работно искуство, и тоа:
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото В4 со или без работно искуство во струката;

- в) Посебни работни компетенции:
  - Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Активно познавање на на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

г) Потреби општи работни комепетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 10

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

а) - стручни квалификации и тоа:

- ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- ,
- б) работно искуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото Г3 најмалку една година работно искуство во струката
- в) Посебни работни компетенции:
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Активно познавање на на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија "(англиски, француски, германски)".

б) Потребни општи работни компетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 11

Посебни услови утврдени со Законот за инспекциски надзор/ друг посебен закон или колективен договор од категоријата Б се:

1) стручни квалификации и тоа:
Сручни квалификации за сите нивоа од категорија Б – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

2) работно искуство и тоа:

За нивото Б4 најмалку четри години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба,од кои најмалку една година на работно место од нивото В1, 3) општи работни компетенции за категорија Б, согласно Рамката на општи работни компетенции, посебни работи компетенции,

3) посебни работни компетенции за сите нивоа:

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

4) општи работни комепетенции на напредно ниво:

- решавање на проблеми и одлучувања за работи од својот делокруг;

- учење и развој;

- комуникација;

- остварување резултати;

- работење со други/тимска работа;

- стратешка свест;

- ориентираност кон странките/засегнати страни;

- раководење; и

- финансиско управување.

5) Други посебни услови: - Возачка дозвола Б категорија

Член 12

Посебни услови утврдени со Законот за инспекциски надзор/ друг посебен закон или колективен договор од категоријата В се:

1) стручни квалификации и тоа:
- за нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
2) работно искуство и тоа:
- В1 – најмалку три години работно искуство подипломирањето,
- В2 – најмалку две години работно искуство подипломирањето,
- В3 – најмалку една година работно искуство по дипломирањето,
- В4 – со и без работно искуство по дипломирањето;
3) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;
4) посебни работни компетенции за сите нивоа:
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

5) општи работни комепетенции на напредно ниво:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување.

III. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Член 13

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 5 (пет) работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно Одлуката за внатрешна организација на Општина Теарце од кои се пополнети 2 работни места.

Работните места на помошно – техничките лица се распоредени на следниов начин:

Ниво	Систематизирани работни места/извршители	Пополнети работни места/изршители
А01	2	-
А02	2	2
А03	1	-
Вкупно	5	2

Член 14

Работните места од членот 13 на овој Правилник се распоредени на следниот начин:

- **Други помошно технички лица - Ниво А1- 2**
- **Превоз на лица и опрема - Ниво А2 - 2**
- **Превоз на лица и опрема - Ниво А3 – 1**

Член 15

Општи услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно – техничките лица се:

- да е државјанин на Република македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена состојба;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија,дејност или должност.

Член 16

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно – техничките лица во областа: Други помошно технички лица II ниво, Категорија А, Ниво А2, за работното место со звање домаќин се :

- ниво на стручни квалификации: средно образование.
  Работно икуство : со или без работно искуство во струката

Член 17

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно – техничките лица во областа на превоз на лица и опрема II од категорија А, **Ниво А2,** за работното место возач II се:

- ниво на стручни квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или средно образование.

Работно искуство Возач II:најмалку 1 година работно искуство во струката.
Други дополнителни услови: возачка дозвола од Б категорија.

Член 18

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно – техничките лица во областа на превоз на лица и опрема III од категорија А, **Ниво А3,** за работното место возач III се:

- ниво на стручни квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или средно образование.
- Работно искуство: без работно искуство во струката.

Други дополнителни услови: возачка дозвола од Д категорија.

IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ТЕАРЦЕ

Секретар на општина	
Реден број	1.
Шифра	УПР 01 01 А05 000
Ниво	А 5
Звање	Секретар со седиште во село
Назив на работно место	Секретар на општина со седиште во село
Број на извршители	1
Одговара пред	Градоначалникот
Вид на образование	Правни науки,политички науки или економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Остварување на законско, ефикасно и ефективно работење и раководење со општинската администрација во насока на извршување на надлежностите на општината, обединување на работата на општината и раководење со сите административни службеници, како и подршка и спроведување на работатта на градоначалникот .
Работни задачи и обврски	-го организира, кординира, обединува и насочува извршувањето на работите и задачите во општинската администрација и се грижи за нивното законско, ефикасно, навремено и

	квалитетно извршување ; -ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбата и дава иницијатива и предлози за нивно решавање; -се грижи за остварување на стратешкиот план, програмата за работа и буџетот на општината , и врши координирање на подготовката на предлозите за стратешки план, програма за работа, програма за стручно усовршување, извештај за работење; -ги следи и се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците, насоките и упатствата на градоначалникоти се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и изготвува концепции за унапредување на организацијата, за функционирањето и за методот на работа на општинската администрација; -одржува редовни колегиуми со раководителите на одделенијата и дава упатства на раководните и другите административни службеници, особено во контекст на управувањето со човечките ресурси; -го советува и му помага на Градоначалникот во врска со комплексни активности и постапки што претставуваат новина и што не спаѓаат во редот на стандардните постапки; -ја следи работата на јавните служби и предлага мерки за ефикасно и ефективно извршување на нивната работа; -го обединува работењето и ја унапредува хоризонталната кординација на сите оделенија во општинската администрација; и -соработува со други органи на локалната власт, како и со претставници на стопанството и на граѓанскиот сектор;

1 Одделение за општи административни и нормативно - правни работи	
Реден број	2.
Шифра	УПР 01 01 Б04 000
Ниво	Б 4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за општи, административни и нормативно- правни работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Секретарот

Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Активно и ефикасно Обезбедува вршење на работите од подрачјата за кој е формирано одделението, а кои се поврзани со функциите на општината согласно законот за локалната самоуправа, други закони, прописи и општи акти, ефикасно,ефективно ,квалитетно извршување на работните задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на општината.
Работни задачи и обврски	-раководи со одделението, ја организира, насочува и координира работата на одделението, ги распоредува работите и задачите на вработените во одделението и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите во одделението кои се однесуваат на општи, административни и нормативно – правни работи. -подготвува материјали и документи кои содржат:предлози на нацрти на законски и подзаконски акти и други прописи и акти,стручни анализи на прашања кој се од значење за примената на законодавството,стручни анализи,информации и други материјали за работни тела,предлози за планот за работа на одделението за нормативно правни работи и извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа; -се грижи и го организира навременото и законито изготвување на прописите и актите од надлежност на советот и градоначалникот што не се во надлежност на другите одделенија; -го организира учеството во изготвувањето на одлуките и општите акти од надлежност на другите одделениа и давањето задолжително мислење за усогласеноста на актите и прописите што тие ги изготвуваат со законите и другите прописи; -ја следи усогласеноста на одлуките и другите општи акти на општината со законите и другите прописи и предлага соодветни активности за нивно усогласување; -организира, координира и учествува или непосредно изготвува одлуки и други прописи мислења по одлуки и други прописи, програми, информации и други акти; -врши оценка на потребите за обука и предлага насоки за доусовршување на вработените и се

	грижи за работната дисциплина во одделението

Одделение за општи административни и нормативно - правни работи	
Реден број	3.
Шифра	УПР 01 01 В03 000
Ниво	В 3
Звање	Соработник
Назив на работно место	Соработник за архивско и канцелариско работење
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Наука за книжевноста, Наука за јазикот-Лингвистика, или Библиотекарство и документација
Други посебни услови	/
Работни цели	Активно,ефективно и ефикасно Спроведување на едноставни работи и задачи како поддршка на одредени функции за прашања од областа на архивско работење со целокупниот архивски материјал настанат од работењето на општината.
Работни задачи и обврски	- Ги следи и применува законските прописи и општи акти на органот за канцелариско и архивско работење; - Се грижи за правилно одбирање на архивскиот од документарниот материјал; средување на архивскиот и документарниот материјал; евидентирање (попис и опис) на архивскиот материјал, категоризација на архивскиот материјал, попишување на

	документарниот материјал на кого му изминал рокот за чување и негово уништување; - Се грижи за безбедно сместување, чување, заштита и обезбедување и користење на архивскиот и документарниот материјал во соодветен простор, стандардна опрема, техничко - технолошки средства; - Врши предавање на архивски материјал на трајно чување во Државниот архив на Република Северна Македонија; - учествува во работата на комисијата за уништување на регистраторскиот материјал по истекот на утврдените рокови за негово чување.

Одделение за општи административни и нормативно - правни работи	
Реден број	4.
Шифра	УПР 01 01 В04 000
Ниво	В 4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за припрема на седници на советот и работните тела
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Правни науки, Наука за јазикот- Лингвистика или Библиотекарство и документација
Други посебни услови	
Работни цели	Законито вршење на работите од подрачјето за кој е формирано одделението а кои се поврзани со функциите на општината согласно Законот за локална самоуправа, како и законито вршење на работите од надлежност на советот и градоначалникот
Работни задачи и обврски	-помага при изготвување на правни акти и друга документација, во согласност со општите упатства на раководителот на одделението и под надзор; -ги подготвува седниците на советот и седниците на комисиите и другите работни тела на советот -следи и проучува законите и другите прописи и општи акти од областа на локалната самоуправа; -помага при обработка на прашања кои се од значење за примена на законските одредби; -помага при изготвување анализи, информации и други материјали ; -помага при изготвување стручно-аналитички и

	други материјали за работните тела на советот на општината; -помага при давање стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти; -прибира информации и податоци и помага во подготовка на планот за работа на одделението и извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа.

Одделение за општи административни и нормативно - правни работи	
Реден број	5.
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за оперативна поддршка на административни работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Правни науки, Политички науки или Јавна управа и амдинистрација
Други посебни услови	/
Работни цели	Спроведување на наједноставни рутински работи и задачи на одредени функции од делокруг на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението и постарите државни службеници во врска со поддршка на административни работи
Работни задачи и обврски	- помага во извршувањето во одредени студиско-аналитички, управно-надзорни, нормативно-правни и стручно-оперативни работи од делокругот на работата на одделението; - прибира податоци и информации неопходни за подготовка на материјали и документи во врска со изработка на стручни анализи, информации и други материјали за работните тела; - прибира податоци за изработка на предлози за планот на работа на одделението; - подготвува извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа; - ги следи и применува прописите од областа во која работи; - соработува со другите државни службеници и помага во остварувањето на останатите надлежности од делокругот на одделението.

Одделение за општи административни и нормативно - правни работи	
Реден број	6.
Шифра	УПР 01 01 В04 000
Ниво	В 4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник – Архивар
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Образование или Историски науки
Други посебни услови	/
Работни цели	Спроведување на наједноставни работи и задачи како поддршка на одредени функции за прашања од областа на архивско работење со целокупниот архивски материјал настанат од работењето на општината.
Работни задачи и обврски	- Ги следи и применува законските прописи и општи акти на органот за канцелариско и архивско работење; - Се грижи за правилно одбирање на архивскиот од документарниот материјал; средување на архивскиот и документарниот материјал; - евидентирање (попис и опис) на архивскиот материјал, категоризација на архивскиот материјал, попишување на документарниот материјал на кого му изминал рокот за чување и негово уништување; - Се грижи за безбедно сместување, чување, заштита и обезбедување и користење на архивскиот и документарниот материјал во соодветен простор, стандардна опрема, техничко - технолошки средства; - Врши предавање на архивски материјал на трајно чување во Државниот архив на Република Северна Македонија;

Одделение за општи административни и нормативно - правни работи	
Реден број	7.
Шифра	УПР 01 01 Г01 000
Ниво	Г 1
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Самостоен референт за архивско работење
Број на извршители	1

Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Вишо, средно гимназиско образование или средно стручно образование (економска или правна струка)
Други посебни услови	
Работни цели	Активно Учествување во вршењето на работите согласно Законот за локална самоуправа, Законот за канцелариско работење, прописите од областа на архивско работење кои се однесуваат на архивирањето, евидентирање и администрирање на документацијата и безбедно чување на архивскиот материјал од секаков вид на оштетување или уништување.
Работни задачи и обврски	-се грижи за правилно архивирање на сите предмети според планот на архивските знаци и листите на категории за чување на архивската граѓа и на регистраторскиот материја во согласност со општите упаства на раководителот на одделението; -учествува во подготовката на планот на архивските знаци и листите на категории за чување на архивската граѓа и на регистраторскиот материјал; -изготвува попис на архивската граѓа од трајна вредност, која во средена состојба му се предава на Државниот Архив на Република Македонија; -собира, средува и обработува архивски материјали; -се грижи за безбедно чување на архивскиот материјал од секаков вид оштетување или уништување; -учествува во работата на комисијата за уништување на регистраторскиот материјал по истекот на утврдените рокови за негово чување; -ги чува и ракува со печатите и штембилите на општината; -подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на одделението;

Одделение за општи административни и нормативно - правни работи	
Реден број	8.
Шифра	УПР 04 05 А02 003

Ниво	А2
Звање	Домаќин
Назив на работно место	Домаќин
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководител на одделение
Вид на образование	Средно образование
Други посебни услови	/
Работни цели	Активно и ефективно Водење материјална евиденција и координирање прием и издавање на материјали и потреби за сервисирање
Работни задачи и обврски	- Води евиденција на примени и издадени канцелариски и компјутерски потрошни материјали, средства за хигиена и друг ситен инвентар; - Во име на набавувачот врши прием и ги превзема испорачаните материјали; - Се грижи за складирањето и чувањето на потрошниот материјал; - Ја следи состојбата со залихите на материјали и навремено предлага набавување на материјали; - Ги координира потребите од потрошни материјали и средства за одржување на хигиена и најавува потреби од канцелариски, компјутерски и друг потрошен материјал и опрема; - Издава потрошни материјали и средства и ги доставува до корисниците и составува приемници , издатници и сл.исправи и документи/реверси за примените, односно издадените материјали и се грижи за навремено прибирање на книговодствени исправи; - Се грижи за исправноста на фотокопирите и печатарите и врши евиденција на потрошената хартија и тонери; - Води грижа за исправноста и тековно одржување на објектот (зградата), просториите, опремата, инвентарот, уредите и инсталациите; - Врши редовна контрола, увид, опсервација и открива и лоцира дефекти и неисправности, откажувања и оштетувања и зависно од видот, тежината, сериозноста и природата на дефектот и причинителот, презема соодветни мерки и активности за отстранување, поправка и елиминирање на истите;

	- Според сопствена проценка и оценка утврдува за каков дефект и неисправноста се работи и, притоа, врши отстранување на истиот или предлага и бара ангажирање на надворешни стручни лица или сервисни служби;

Одделение за општи административни и нормативно - правни работи	
Реден број	9.
Шифра	УПР 04 03 А02 001
Ниво	А 2
Звање	Возач II
Назив на работно место	Возач II за превоз на лица и опрема
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Средно гимназиско или средно стручно образование (текстилна струка или електромеханичарска струка)
Други посебни услови	Возачка категорија –Б категорија
Работни цели	Обезбедување на непречено фунционирање на моторното возило со кое е задолжен и управува со довереното возило во согласност со важечките прописи
Работни задачи и обврски	- врши превоз по потреба на раководни, стручни помошно стручни административни службеници -управува со довереното возило во согласност со важечките прописи; -се грижи и одговара за исправноста на возилото и се грижи за одржување на хигиена на возилото; -води евиденција за помината километража и за потрошеното гориво; -се грижи за редовно сервисирање на возилото, за роковите на технички преглед и за регистрација на возилото;

Одделение за општи административни и нормативно - правни работи	
Реден број	10.
Шифра	УПР 04 03 А03 001
Ниво	А3
Звање	Возач III
Назив на работно место	Возач на Автобус
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на оделението
Вид на образование	Средно гимназиско или средно стручно образование (техничка струка)
Други посебни услови	Возачка дозвола од Д категорија

Работни цели	Активно вршење на Превоз на ученици од местото на живеење до училиштата и обратно и превоз на општинска администрација.
Работни задачи и обврски	-да управува со патничкото моторно возилона оштината и се грижи за неговата техничка исправност, -да врши превоз на ученици од местото на живеење до училиштата и обратно. -превоз на општинска администрација за службени цели. -се грижи за редовно сервисирање и одржување на возилото. -води евиденција на поминатите километри и потрошеното гориво. -разнесува пораки и други материали за состаноци на Советот на општината и неговите комисии, -се грижи за одржувањето на хигиената на возилото -се грижи за навремено поаѓање и пристигнување на учениците од местото на живеење до училиштето и обратно.

Одделение за јавни дејности	
Реден број	11.
Шифра	УПР 01 01 Б04 000
Ниво	Б 4
Звање на работно место	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за јавни дејности
Број на извршители	1
Одговара пред	Секретарот
Вид на образование	Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Обезбедување и вршење на работите од делокругот на одделението, а кои се поврзани со функциите на општината од областа на културата, образование, социјална заштита, детска и здравствена заштита, спорт, заштита и спасување, како и ефикасно, ефективно и квалитетно раководење со оделението за јавни дејности.
Работни задачи и обврски	-раководи со одделението, ја организира, насочува и координира работата на одделението, ги распоредува работите и задачите на вработените во одделението и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите во одделението;

	-ги следи законите и другоите прописи од областа на локалната самоуправа, средното образование, културата, спортот, социјалната, детската и здравствената заштита и се грижи за нивна примена во општината; -одговорен е за вршењето на работите поврзани со основањето, престанокот, финансирањето и учество на преставници на општината во органите на управување во основните училишта на подрачјето на општината; -се грижи за обезбедување на услови за развој на квалитетниот спорт во општината, за организирање, помагање и потикнување и помагање спортски манифестации и за изградба и одржување на спортски објекти од значење за општината; -се грижи за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и другите културни вредности, организирање културни манифестации; -се грижи за остварување на социјалната грижа за категориите лица определени со закон; -се грижи за преземање мерки за заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, за здравсрттвено воспитување, унапредување на здравјето, за преземање превентивни активности, здравствен надзор над животната средина и над заразните болести; -иницира, предлага и по потреба раководи и учествува во проекти од областа на образование, културата, спортот, социјалчната, детската и здравствената заштита.

Одделение за јавни дејности	
Реден број	12.
Шифра	УПР 01 01 В01 000
Ниво	В 1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за заштита и спасување и управување со кризна состојба
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	одбрана, безбедност или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и извршување на сложени работи и задачи од областа на заштитата и спасување и управување со кризна

	состојба
Работни задачи и обврски	-самостојно извршува сложени работи и задачи кои се однесуваат на изготвување на годишната акциона програма за заштита и спасување, која содржи општи нормативни претпоставки за реализирање на националната стратегија за заштита и спасување како и на планот за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи на подрачјето на општината и пред неговото донесување од страна на Советот на општината, го доставува на мислење до Дирекцијата за заштита и спасување; -дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти од областа на заштита и спасување и управување со кризна состојба; -изготвува анализи, информации и стручни мислења и учествува при изготвување на предлог одлуки и други прописи, програми и други акти од надлежност на советот и градоначалникот од областа на противпожарната заштита и спасување и управување со кризна состојба; -врши процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи на подрачјето на општината и предлага преземање на мерки и активности за спречување на настанувањето и за отстранување на последиците од природни непогоди епидемии несреќи на подрачјето на општината; -дава предлози и врши работи поврзани со формирањето и подготвеноста на силите за заштита и спасување и дава предлози за нивно ангажирање, за ангажирање на просторните сили или републичките сили за заштита и спасување -дава предлози за утврдување на обврските на јавните претпријатија, установи и служби основани од општината заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи; -учествува во работата на Општинскиот штаб за заштита и спасување; -учествува во подготвување и извршување на работни задачи во врска со превенција и справување со кризна состојба.

Одделение за јавни дејности	
Реден број	13.
Шифра	УПР 01 01 В03 000
Ниво	В 3
Звање	Соработник
Назив на работно место	Соработник за образование и спорт
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно, квалитетно да извршување на работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на општината и задачи од делокругот на одделението од областа на образованието и спортот.
Работни задачи и обврски	-ги следи и применува прописите од областа на локалната самоуправа и основното образование; -ги следи и врши проценка на материјално-техничките услови на основните училишта и подготвува програма за одржување, реконструкција и изградба на истите и дава стручно мислење по предлогот на Советот на општината за основање на основно и средно училиште и го подготвува предлогот за нивно основање; -на предлог на Државниот просветен инспекторат и со согласност на надлежното министерство го подготвува предлогот за покренување постапка за престанување со работа на основно училиште; - ја подготвува програмата за организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на системот на натпревари на општинско и на ниво во определени спортови и категории, поддржување на традиционалните спортски натпревари и манифестации, поддржување на училишниот систем на натпревари, системот на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби, како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните; -ја подготвува програмата за одржување и изградба на објекти за спорт, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи спортски објекти; -го подготвува предлогот за утврдување на мрежата на спортските објекти и нивно

	класифицирање и го подготвува предлогот за определување рекреативни зони за масовно спортување; -го подготвува предлогот на прописот за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општината,изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината,дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти;

Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и патишта	
Реден број	14.
Шифра	УПР 01 01 Б04 000
Ниво	Б 4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за урбанизам , заштита на животната средина,комунални дејности,сообраќај и патишта
Број на извршители	1
Одговара пред	Секретарот
Вид на образование	Архитектура, урбанизам и планирање
Други посебни услови	
Работни цели	Обезбедување и вршење на работите од подрачјето за кој е формирано одделението, а кои се поврзани со функциите на општината согласно законските прописи од областа на просторно и урбанистичко планирање и заштита на животната средина, комунални дејности ,собракај и патишта како и ефикасно, ефективно и квалитетно раководење со оделението

